**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јануари 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во ноември 2016 година

Во тековните трансакции со нерезиденти во ноември 2016 година бележиме дефицит од 50,4 милиони евра. Во финансиската сметка се остварени нето-приливи врз основа на трговски кредити и директни инвестиции од кои главно се финансираше дефицитот во тековната сметка. Нето-одливите врз основа на заеми и валути и депозити, а во помал дел и врз основа на портфолио-инвестиции главно беа покриени од девизните резерви.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија
(во милиони евра)

| | XI-2016 | I-XI.2016 | месечна промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-50.4** | **-185.9** | **-47.7** | ...* | **-23.4** | 86.8 | **-72.2** | 63.5 |
| Стоки | **-161.4** | **-1,655.7** | **-22.7** | 16.4 | **4.2** | -2.5 | **-35.2** | 2.2 |
| Услуги | **14.7** | **387.4** | **-15.6** | -51.6 | **-16.4** | -52.9 | **37.9** | 10.8 |
| Примарен доход | **-29.6** | **-328.0** | **1.4** | -4.5 | **-7.0** | 30.9 | **-68.4** | 26.3 |
| Секундарен доход | **125.9** | **1,410.5** | **-10.8** | -7.9 | **-4.2** | -3.2 | **-6.5** | -0.5 |
| **Капитална сметка** | **-0.1** | **10.2** | **-0.2** | | **-0.1** | | **5.2** | |
| **Финансиска сметка** | **-49.3** | **-186.9** | **-55.8** | | **-14.5** | | **-83.8** | |
| Директни инвестиции | **-32.5** | **-208.1** | **-22.6** | | **-45.7** | | **-37.9** | |
| Портфолио-инвестиции | **9.3** | **-422.3** | **9.2** | | **10.8** | | **-450.6** | |
| Валути и депозити | **92.8** | **267.7** | **70.9** | | **94.6** | | **-23.7** | |
| Заеми | **114.6** | **-41.4** | **144.5** | | **102.2** | | **-141.8** | |
| Трговски кредити | **-47.0** | **-54.6** | **-51.6** | | **3.4** | | **7.9** | |
| Девизни резерви | **-186.5** | **272.7** | **-206.2** | | **-179.7** | | **563.2** | |

...* индексот е над 100.
Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.

Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Во ноември 2016 година, во тековната сметка е евидентирано негативно салдо од 50,4 милиони евра, што произлегува од дефицитите остварени кај стоковната размена (161,4 милиони евра) и примарниот доход (29,6 милиони евра) во поголем дел нетирани со суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (125,9 и 14,7 милиони евра, соодветно).

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

Во споредба со претходниот месец, дефицитот на тековната сметка е повисок за 47,7 милиони евра, при повисоки нето-одливи кај размената на стоки (за 22,7 милиони евра) и пониски нето-приливи кај размената на услуги и кај секундарниот доход (за 15,6 и 10,8 милиони евра, соодветно).

На збирна основа, дефицитот во тековната сметка за периодот јануари – ноември 2016 година изнесува 185,9 милиони евра и е повисок за 72,2 милиона евра во споредба со истиот период од 2015 година. Притоа, повисоките дефицити кај примарниот доход и во стоковната размена (за 68,4 и 35,2 милиона евра, соодветно), како и понискиот суфицит кај секундарниот доход (за 6,5 милиони евра), само делумно беа компензирани со подобрите остварувања во размената на услуги (повисок суфицит за 37,9 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## *Финансиска сметка*

Во финансиската сметка, во ноември бележиме нето-приливи од трговски кредити (47 милиони евра) и директни инвестиции (32,5 милиони евра), а нето-одливи врз основа на заеми (114,6 милиони евра), валути и депозити (92,8 милиони евра) и портфолио-инвестиции (9,3 милиони евра). Во ноември, девизните резерви се намалени за 186,5 милиони евра.

Кај директните инвестиции, на нето-основа, во ноември се забележани приливи од 32,5 милиони евра. Од почетокот на 2016 година, заклучно со ноември, врз оваа основа се евидентирани нето-приливи од 208,1 милион евра, што е повеќе за 37,9 милиони евра (22,3%) од нето-приливите остварени во истиот период од 2015 година.

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2] во ноември бележиме зголемување од 45,5 милиони евра, главно врз основа на реинвестирање на добивката (26,2 милиона евра) и должнички инструменти (17,4 милиони евра), а во помал обем и преку вложувања во сопственички капитал (2 милиона евра). Збирно, обврските кон директните инвеститори за единаесетте месеци од 2016 година се зголемени за 456,4 милиони евра, што го надминува износот за истиот период од претходната година за 151,1 милион евра (или 49,5%).

Кај средствата од директни инвестиции, во ноември бележиме нето-одливи од 13 милиони евра, при раст на побарувањата преку должнички инструменти (за 26,5 милиони евра), а намалување на побарувањата од сопственички капитал (за 14,5 милиони евра). На збирна основа, средствата од директни инвестиции се зголемени за 248,3 милиони евра (за 113,2 милиона евра повеќе во однос на истиот период во 2015 година).

Нето-одливите врз основа на заеми во износ 114,6 милиони евра во ноември годинава главно произлегуваат од намалувањето на нето-обврските на државата и депозитните институции (за 128,8 и 17,9 милиони евра, соодветно) наспроти растот на нето-обврските на останатите сектори[3] (за 14,2 милиона евра). Централната банка, преку репо и обратните репо-трансакции изврши поголемо намалување на побарувањата во однос на обврските (за 17,9 милиони евра).

Во периодот јануари – ноември 2016 година, во финансиските трансакции со нерезиденти се евидентирани нето-приливи од портфолио-инвестиции, директни инвестиции, трговски кредити и заеми, коишто ги надминуваат нето-одливите кај валутите и депозитите. Повисоките нето-приливи овозможија финансирање на дефицитот во тековната сметка (185,9 милиони евра) и дополнително, раст на девизните резерви за 272,7 милиони евра.







Извор: НБРМ.

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – октомври 2016 година, при што како резултат на подобрување на квалитетот на податоците кај подбилансите на стоки и услуги, дефицитот во тековната сметка за овој период е повисок за 13 милиони евра. Соодветно, оваа промена се одрази и во финансиската сметка како зголемување на нето-обврските врз основа на трговските кредити.

***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс:
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечен платен биланс: 28 февруари 2017 (референтен пресек заклучно со декември 2016 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).